Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ К-3-2017


## Резиме

- **Бруто-домашниот производ** во К-3-2017 во однос на истиот квартал во 2016 година забележа раст од 0,2% на реална основа;
- **Бројот на вработени** во К-3-2017 е повисок за 2,1% во однос на истиот квартал во 2016 година. **Бројот на невработени** се намали за 4,8%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-3-2017 на 22,1%;
- **Стапката на инфлација** во К-3-2017, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 1,6% на годишна основа;
- Просечната **бруто-плата** во К-3-2017 изнесува 33.710 денари и бележи раст од 2,9% на номинална основа, односно раст од 1,3% на реална основа, споредено со бруто-платата во К-3-2016;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-3-2017 се повисоки за 1,8%, а вкупните **буџетски расходи** за 3,0% споредено со истиот квартал во 2016 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-3-2017 се зголеми за 0,8% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-3-2017 бележи раст од 0,2% на квартална основа;
- Македонскиот берзански индекс **МБИ-10**, во септември 2017 година се зголеми за 17,8% во однос на јуни 2017 година. Споредено со претходниот квартал, вкупниот промет остварен на берзата во К-3-2017 регистрираше раст од 15,7%;
- Во К-3-2017 е забележан раст на **извозот на стоки** од 8,8% и на **увозот на стоки** од 6,9% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 7,7%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

Бруто-домашниот производ (БДП) во К-3-2017 во однос на истиот квартал во 2016 година забележа раст од 0,2% на реална основа, што следи по падот од 1,3% во вториот квартал[1] и стагнацијата во првиот квартал, со што БДП во првите три квартали од 2017 година е намален за 0,4%. Номиналниот раст на БДП во К-3-2017 изнесува 3,7% на годишна основа, со што БДП дефлаторот изнесува 3,5%.

Графикон 1.1. Реална стапка на раст на БДП; Извор: ДЗС




Анализирано според производната страна на БДП, економскиот раст во К-3-2017 се должи на позитивните остварувања во услужниот сектор и земјоделството, додека градежништвото и индустрискиот сектор забележаа пад.

Растот во услужниот сектор изнесува 1,9%, што се должи на зголемената активност во дејностите Трговија, транспорт и угостителство (9,8%) и Дејности во врска со недвижен имот (0,9%), додека пад на активноста има во следните дејности: Уметност, забава, рекреација и останати услужни дејности (6,9%), Стручни, научни, технички и административни дејности (4,6%), Финансиски и дејности на осигурување (2,6%), Јавна управа и одбрана, образование и здравство (2,1%) и Информации и комуникации (0,1%). Земјоделскиот сектор забележа реален раст од 3,8% на годишна основа.

Падот на активноста во градежниот сектор во К-3-2017 изнесува 11,6% на реална основа, во услови на пад на вредноста на извршени градежни работи, како во делот на нискоградба, така и во делот на високоградба. Индустрискиот сектор забележа пад од 4,1%, што главно се должи на падот во Преработувачката индустрија од 5,8%. Согласно месечните податоци за индустриското производство, неповолни движења во Преработувачката индустрија во периодот јули – септември 2017 година се забележани кај: производство на останата опрема за транспорт (21,1%), производство на метали (20,4%), производство на облека (17,2%), преработка на дрво и производи од дрво и плута (15,0%), производство на мебел (12,7%), производство на компјутерски, електронски и оптички производи (10,0%), производство на хемикалии и хемиски производи (9,0%), производство на моторни

[1] Државниот завод за статистика истовремено изврши нагорна ревизија на стапката на раст на БДП во овој квартал од -1,8% претходно.

возила (5,3%), печатење и продукција на снимени медиуми (5,2%), производство на прехранбени производи (4,3%), производство на хартија и производи од хартија (2,1%), производство на производи од гума и пластични маси (0,4%) и производство на кожа и производи од кожа (0,1%).

Графикон 1.2. Годишна стапка на раст на индустрискиот сектор; Извор: ДЗС




Од друга страна, раст е остварен кај: поправка и инсталирање машини и опрема (52,7%), производство на електрична опрема (13,5%), производство на пијалаци (9,5%), производство на текстил (7,8%), производство на тутунски производи (6,3%), производство на фармацевтски производи и препарати (5,4%), производство на други неметални минерални производи (4,7%), производство на фабрикувани метални производи (1,2%), производство на машини и уреди (0,5%) и останата производствена индустрија (13,2%).

Анализирано според расходната страна на БДП, економскиот раст во К-3-2017 е резултат на растот на извозот и на приватната потрошувачка. Извозот на стоки и услуги забележа раст од 5,5% на реална основа, главно како резултат на растот на извозот на капацитетите во слободните економски зони, во услови на поволни движења на економската активност во ЕУ, како најзначајна дестинација за пласман на македонските производи. Увозот на стоки и услуги забележа значително понизок раст од извозот, односно порасна за 2,1% на реална основа, со што нето-извозот има позитивен придонес врз економскиот раст.

Финалната потрошувачка забележа реален раст од 1,6%, што се должи на растот на приватната потрошувачка од 2,9%, во најголем дел како резултат на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на вработеноста и на платите во економијата, поддржана и од кредитирањето на домаќинствата. Јавната потрошувачка во К-3-2017 забележа пад од 3,6% на реална основа, во услови на намалени јавни расходи за стоки и услуги и за плати и надоместоци.

Бруто-инвестициите К-3-2017 се пониски за 9,4% на реална основа, што се должи на намалената градежна активност (согласно податоците од производната страна на БДП), како и на намалениот увоз на капитални добра.

Позитивните движења на пазарот на трудот продолжија и во К-3-2017. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени лица е повисок за 2,1% во однос на

истиот квартал во 2016 година и е придружен со пад на бројот на невработени лица од 4,8%. Бројот на активно население забележа раст од 0,5% на годишна основа.

Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-3-2017 да се намали на 22,1%, односно за 1,3 п.п. споредено со истиот квартал во 2016 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,5 процентни поени (п.п.). Стапката на вработеност во К-3-2017 изнесува 44,2% и во однос на истиот квартал во 2016 година е повисока за 0,8 п.п.. Активното население претставува 56,8% од вкупното работоспособно население и е зголемено за 0,2 п.п. на годишна основа.

Графикон 1.3. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС




## 2. Цени, плати и продуктивност

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-3-2017 изнесува 1,6% на годишна основа, по растот од 1,2% забележан во К-2-2017. Растот на потрошувачките цени во К-3-2017 е резултат на зголемените цени во категориите: Комуникации од 9,5%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,6%, Транспорт од 5,0%, Ресторани и хотели од 4,2%, Рекреација и култура од 1,6%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,0% и Облека и обувки од 0,3%. Пад на цените во К-3-2017 е регистриран во категориите: Здравје од 0,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,5%, Образование од 0,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2% и Останати стоки и услуги од 0,5%.

Графикон 2.1. Годишна стапка на инфлација; Извор: ДЗС




**Цените на мало** во К-3-2017 споредено со истиот квартал во 2016 година бележат зголемување од 3,7%, по растот од 2,6% во К-2-2017. Цените на стоките во К-3-2017

забележаа раст од 1,3%, а цените на услугите од 7,6% споредено со истиот квартал во 2016 година. Во рамки на категоријата Стоки, цените на земјоделските производи се зголемени за 5,7%, а цените на индустриските производи за 0,8%. Растот на цените на индустриските производи е резултат на повисоките цени на: тутунот за 9,1%, прехранбените индустриски производи за 1,0%, непрехранбените индустриски производи за 0,2%, додека малопродажната цена на пијалаците се намали за 0,1%.

Просечната месечна **нето-плата** во К-3-2017 изнесува 22.937 денари и е за 3,0% повисока на номинална основа споредено со истиот квартал во 2016 година. На реална основа, нето-платата регистрира зголемување од 1,4%. Просечната месечна **бруто-плата** изнесува 33.710 денари и бележи раст од 2,9% на номинална основа, односно раст од 1,3% на реална основа.

Графикон 2.2. Годишна стапка на раст на просечна бруто-плата; Извор: ДЗС




**Продуктивноста на трудот** во К-3-2017 бележи намалување од 1,9%, по падот од 3,8% во претходниот квартал, како последица на значително повисокиот раст на вработеноста од растот на производството.

## 3. Фискален сектор

### 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните буџетски приходи во К-3-2017 забележаа учество од 27,9% од реализираниот квартален БДП и се повисоки за 1,8% споредено со истиот квартал минатата година, што се должи на повисоката реализација на даночните приходи и социјалните придонеси, додека остварувањето на неданочните приходи беше пониско. Притоа, кај даночните приходи беше забележана повисока наплата кај данокот на додадена вредност, персоналниот данок на доход, царинските давачки, како и приходите од други даноци, додека кај приходите од данокот на добивка и од акцизи беше реализирана пониска наплата.

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 46,6% од вкупните даночни приходи во К-3-2017 и воедно се повисоки за 6,4% споредено со истиот квартал минатата година. Во структурата на данокот на додадена

вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2016 година, приходите од акцизи се пониски за незначителни 0,3%, а од царини се повисоки за 3,5%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 4,2%, а кај приходите од данокот на добивка намалување од 9,6% во однос на истиот квартал претходната година, што се должи на намалената наплата по основ на месечни аконтации.

Наплатата на индиректните даноци во К-3-2017 е зголемена за 3,9%, а кај директните даноци е забележано намалување од 1,6% во однос на К-3-2016. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, приходите од директни даноци на годишна основа го намалија своето учество во БДП за 0,2 п.п., односно од 3,9% од кварталниот БДП во К-3-2016 на 3,7% во К-3-2017 година, додека учеството на приходите од индиректни даноци во БДП е идентично и изнесува 12,6% од БДП во К-3-2017.

Графикон 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-3-2017;
Извор: МФ




Наплатата на **социјалните придонеси** беше повисока за 1,6%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 1,7%, кај придонесите за здравствено осигурување од 1,5% и кај придонесите за вработување од 1,8%.

**Неданочните приходи**, кои претставуваат 1,9% од кварталниот БДП, во К-3-2017 беа реализирани за 14,5% помалку во однос на истиот квартал во 2016 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-3-2017 беа пониски за 8,1% на годишна основа. Приходите по основ на донации од странство забележаа зголемување за 71,8%.

## 3.2. Приходи по буџетски корисници[2]

Буџетските приходи и приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку **Министерството за финансии – функции на државата** и во К-3-

[2] Податоците се неконсолидирани и ги вклучуваат и приливите на средства.

2017 тие изнесуваат 37,0 милијарди денари, односно 92,2% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат 24,4% од годишниот план на овој буџетски корисник. Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата, преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 69,6% од вкупните приходи и прилив на овој буџетски корисник, при што нивната наплата во третиот квартал достигна 24,8% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 7,9 милијарди денари, што претставува 21,3% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

**Министерството за образование и наука** има остварено приходи во износ од 973 милиони денари, односно 2,4% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел, односно 84,8% од вкупниот износ претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е **Министерството за транспорт и врски**, чии вкупни приходи и прилив изнесуваат 439 милиони денари, односно 1,1% од приходите и приливот на сите буџетски корисници, а речиси во целост претставуваат приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство.

**Министерството за внатрешни работи** во К-3-2017 оствари приходи во износ од 338 милиони денари или 0,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Најголем дел, односно 80,7% од вкупниот износ е по основ на неданочни приходи.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,4% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот преглед објавен во прилог на извештајот.

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кои во К-3-2017 изнесуваат 16,2 милијарди денари и претставуваат 24,9% од годишниот план на Фондот.

## 3.3. Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните буџетски расходи во К-3-2017, со учество од 29,6% во кварталниот БДП, забележаа повисока реализација за 3,0% споредено со истиот квартал во 2016 година.

**Тековните расходи**, што претставуваат 27,9% од кварталниот БДП, забележаа учество од 94,0% во вкупните расходи и беа реализирани за 8,0% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 6,2% помалку, а кај расходите за плати и надоместоци беше забележано намалување од 0,5% во однос на истиот квартал во 2016 година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 64,5% во вкупните расходи, беа реализирани за 6,6% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 5,0% и учествуваа со 49,0% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 9,0% и забележаа учество од 30,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 14,4% и истите забележаа зголемување од 8,8% споредено со третиот квартал во 2016 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 2,1%, а субвенциите и трансферите беа реализирани за 18,7% повеќе.

Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 67,6% на годишна основа, при што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 19,1%, а каматните расходи за странскиот долг се зголемени за 82,8%.

Капиталните расходи, што претставуваа 1,8% од кварталниот БДП се реализирани за 39,9% помалку споредено со истиот квартал во 2016 година и остварија учество од 6,0% во вкупните расходи.

## 3.4. Расходи по буџетски корисници[3]

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува околу 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во К-3-2017 реализираше расходи во износ од 10,6 милијарди денари или 25,0% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (72,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 7,7 милијарди денари или 24,7% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 20,7% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 27,2% (2,2 милијарди денари) од планираните средства за 2017 година.

Министерството за образование и наука во К-3-2017 изврши буџетски средства во износ од 5,0 милијарди денари, што претставува 20,8% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (64,2%) претставуваат тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа, за што се потрошени 3,2 милијарди денари или 24,4% од вкупно планираните средства. Платите и надоместоците се втора најзначајна ставка со учество од 16,6%, за што се потрошени 820 милиони денари, односно 24,5% од вкупно предвидените. За стоки и услуги, кои учествуваат со 14,2% во вкупните расходи, реализирани се 701 милион денари, што претставува 16,1% од вкупно предвидените средства за оваа година.

[3] Податоците се неконсолидирани и ги вклучуваат и одливите на средства.

Во К-3-2017, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[4] реализирани се 15,9 милијарди денари, што претставува 41,3% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 59,4% се за отплата на главнина, за што се реализирани 9,4 милијарди денари или 51,9% од планираните средства за оваа намена. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 25,8% од вкупните расходи, за што се реализирани 4,1 милијарда денари или 49,9% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 8,0% се трошоците за капитални расходи, за што се потрошени 1,3 милијарди денари или 17,1% од годишниот план.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-3-2017 (во %); Извор МФ




Во К-3-2017, од страна на **Министерството за внатрешни работи** вкупно се реализирани 2,5 милијарди денари, што претставува 24,6% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат платите и надоместоците со учество од 69,7%, за што се потрошени 1,8 милијарди денари или 24,3% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоките и услугите со учество од 21,3%, за што се реализирани 538 милиони денари или 31,0% од годишниот план.

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** реализираше средства во износ од 1,8 милијарди денари во К-3-2017, што претставува 21,3% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка се субвенциите и трансферите со учество од 92,5%, за што во овој период извршени се 1,6 милијарди денари или 24,5% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 6,3% во вкупните расходи, за што во овој период се реализирани 112 милиони денари или 7,3% од годишниот план.

**Министерството за одбрана**, во К-3-2017 изврши буџетски средства во износ од 1,2 милијарди денари, што е 22,1% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и

[4] Во рамките на разделот функции на држава опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

надоместоците имаат најголемо учество со 70,7%, за што се реализирани 867 милиони денари, што претставува 24,6% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 24,5% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 301 милион денари, односно 22,2% од вкупно предвидените.

**Министерството за здравство** во К-3-2017 реализираше буџетски средства во износ од 1,5 милијарди денари, што е 24,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до буџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 59,1%, за што во овој период се потрошени 862 милиона денари или 35,9% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 23,0% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 336 милиони денари, односно 17,8% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи, кои учествуваат со 16,3% во вкупните расходи, изнесува 15,9%, односно извршени се 238 милиони денари.

**Министерството за транспорт и врски** во К-3-2017 реализираше средства во износ од 479 милиони денари, што е 11,0% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 67,4%, а нивната реализација во овој период изнесува 9,2%, односно извршени се 322 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 21,9% во вкупните расходи, а нивната реализација изнесува 17,4%, односно извршени се 105 милиони денари.

Преку разделот **Финансирање на дејностите од областа на културата**[5], во К-3-2017 извршени се средства во износ од 769 милиони денари, што е 15,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат највисоко учество во вкупните расходи со 33,7%, а нивната реализација во овој период изнесува 24,9%, односно извршени се 259 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 27,7%, а за оваа намена реализирани се 213 милиони денари или 16,8% од планираното. За капитални расходи реализирани се 207 милиони денари, што претставува 9,8% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 26,9% од вкупните расходи.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот преглед објавен во прилог на извештајот.

[5] Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарство, филмска дејност, музичка и сценско-уметничка дејност, заштита на културното наследство, ликовна и галериска дејност, културно-уметнички манифестации, музејска и кинотечна дејност, меѓународна соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организации од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

### 3.5. Буџетски дефицит и државен долг

Во третиот квартал од 2017 година, дефицитот на консолидираниот Буџет изнесува 2.745 милиони денари или 1,7% од реализираниот БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 3.216 милиони денари, односно 2,0% од кварталниот БДП.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура; Извор: МФ




Вкупниот државен долг на крајот на К-3-2017 изнесуваше 37,8% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 0,1 п.п. во однос на К-2-2017. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг, во однос на К-2-2017, е намалено за 1,8 п.п. и изнесува 61,3%. Учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено на 38,7% од вкупниот државен долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Во третиот квартал од 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, откако во првиот квартал ја намали за 0,5 п.п., од 3,75% на 3,25%, што се должеше на постојаното стабилизирање на очекувањата на економските субјекти и континуираното исцрпување на ефектите од политичката криза, како и на поволните движења на девизниот пазар, благодарение на интервенирањето на НБРМ со откуп на девизи. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во септември 2017 година изнесуваше 0,5% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

Примарните пари[6] во К-3-2017 регистрираа раст на квартална основа од 0,6% (во претходниот квартал беше регистриран раст од 0,3%), како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек за 1,0%, а вкупната ликвидност на банките регистрираше зголемување од 0,2%. Во однос на К-3-2016, примарните пари се зголемија за 4,3% (во К-2-2017 беше регистриран раст од 5,1%), во услови на раст на готовите пари во оптек од 9,8% и пад на вкупната ликвидност на банките за 1,1%.

[6] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Во К-3-2017, најтесната парична маса М1[7] забележа зголемување од 2,7% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 0,5%, а најшерокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 1,0%.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[8] на банките во К-3-2017 се зголеми за 0,8% на квартална основа, додека во претходниот квартал депозитниот потенцијал се зголеми за 0,2%. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се намалија за 2,5%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,9%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските и девизните депозити се зголемија за 0,9% и 0,6%, соодветно. Степенот на евроизација е намален за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал, односно изнесува 41,1%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-3-2017 се зголеми за 0,5 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 27,8% (во К-2-2017 изнесуваше 27,3%), како резултат на зголемувањето на долгорочните депозити за 2,4% во однос на претходниот квартал. Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа намалување од 1,1%.

**Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-3-2017 забележа квартално зголемување од 0,2% (додека во претходниот квартал регистрираше зголемување од 2,2%), во услови на пад на кредитите кон приватните претпријатија од 1,4%, додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 2,1%.

Графикон 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




Од валутен аспект, денарските кредити во К-3-2017, споредено со претходниот квартал, се зголемија за 0,8%, додека девизните кредити регистрираа пад од 2,7%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-3-2017 во однос на претходниот квартал бележат раст од 1,3%, а краткорочните кредити се намалија за 2,9%.

---

[7] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[8] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

**Каматната стапка** на денарските кредити во К-3-2017 изнесува 6,2% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-3-2017 изнесува 4,9% и е намалена за 0,1 п.п. во однос на претходниот квартал. Каматната стапка на денарските депозити во К-3-2017 изнесува 2,1% и регистрираше пад од 0,1 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,8% и исто така бележи намалување од 0,1 п.п.. Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-3-2017 изнесува 5,3%, а на новоодобрените девизни кредити 4,2%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,5% и 0,9%, соодветно.

Графикон 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки; Извор: НБРМ




На **пазарот на капитал**, во К-3-2017 се забележа раст на вкупниот промет на берзата за 15,7% во споредба со претходниот квартал, што се должи на зголемениот промет од блок трансакциите за 48,0%, а прометот од класичното тргување регистрираше раст од 6,3%. Во однос на истиот квартал во 2016 година, вкупниот промет забележа раст од 85,0%, во услови на зголемување на прометот од класичното тргување за 73,8% и зголемување на прометот од блок трансакциите за 1,2 пати (120,0%).

Графикон 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на третиот квартал изнесуваше 2.688,66 индексни поени, што претставува раст од 17,8% во однос на јуни 2017 година, додека во однос на септември 2016 година индексот е повисок за 37,6%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-3-2017 изнесува 2.895,9 милиони евра и бележи раст од 7,7% во однос на истиот квартал во 2016 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки; Извор: ДЗС




**Извозот на стоки** во К-3-2017 изнесува 1.250,1 милион евра и во однос на К-3-2016 бележи раст од 8,8%, додека во однос на претходниот квартал е намален за 1,6%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-3-2017 во однос на истиот квартал во 2016 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди за 14,7% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: електрични машини, апарати и делови за 38,7 милиони евра или 30,8% и друмски возила за 17,3 милиони евра или 49,8%);
- хемиски производи за 12,5% (хемиски материи и производи за 25,8 милиони евра или 12,1%);
- суровини освен гориво за 43,1% (метална руда и отпадоци од метал за 12,8 милиони евра или 34,7%);
- разни готови производи за 6,9% (мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 7,9 милиони евра или 23,2% и обувки за 2,5 милиони евра или 15,3%);
- минерални горива и мазива за 36,4% (електрична енергија за 5,5 милиони евра или зголемување за осумпати) и
- пијалаци и тутун за 3,5% (тутун и производи од тутун за 2,1 милион евра или 3,8%).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- производи класирани по материјалот за 7,0% (во чии рамки најголем пад забележа извозот на железо и челик, од 14,9 милиони евра или 12,2%);
- животински и растителни масла за 77,6% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 4,5 милиони евра или 80,3%) и

- o производи за храна за 1,2% (овошје и зеленчук за 4,1 милион евра или 8,7%).

Гледано **по економска намена,** во К-3-2017 најголемо учество во извозот има категоријата стоки за индустриски набавки (47,1%), по која следуваат: стоки за широка потрошувачка (15,9%), производи за инвестиции без транспортна опрема (14,8%), транспортна опрема (12,8%), храна и пијалаци (7,8%) и горива и мазива (1,5%).

**Увозот на стоки** во К-3-2017 изнесува 1.645,9 милиони евра и е зголемен за 6,9% во однос на К-3-2016, додека во однос на претходниот квартал бележи пад од 4,4%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, позитивно придвижување на увозот во К-3-2017 во однос на К-3-2016 се забележува кај:

- o машини и транспортни уреди за 12,9% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: електрични машини, апарати и делови за 32,6 милиони евра или 30,5% и друмски возила за 9,3 милиони евра или 12,7%);
- o минерални горива и мазива за 13,5% (нафта и производи од нафта за 11,5 милиони евра или 11,0% и природен и индустриски гас за 7,1 милион евра или 58,3%);
- o производи класирани по материјалот за 3,6% (предиво, ткаенини и текстилни производи за 7,7 милиони евра или 8,8%; кожа, производи од кожа и обработено крзно за 6,1 милион евра или 74,6% и изработки од неметални минерали за 4,4 милиони евра или 5,1%);
- o суровини освен гориво за 28,6% (метална руда и отпадоци од метал за 7,0 милиони евра или 48,7%);
- o производи за храна за 6,0% (жита и преработки од жита за 4,6 милиони евра или 27,7% и месо и преработки од месо за 2,9 милиони евра или 8,8%);
- o хемиски производи за 4,3% (пластични материи во останати форми за 2,9 милиони евра или 12,5%, хемиски материи и производи за 2,5 милиони евра или 6,3% и неоргански хемиски производи за 2,3 милиони евра или 26,0%) и
- o разни готови производи за 3,7% (професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 2,1 милион евра или 14,3% и мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 1,9 милиони евра или 14,6%).

Негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- o животински и растителни масла за 29,3% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 4,2 милиона евра или 29,8%) и
- o пијалаци и тутун за 1,2% (тутун и производи од тутун за 1,6 милиони евра или 12,8%).

Гледано **по економска намена**, најголемо учество во увозот во К-3-2017 има категоријата стоки за индустриски набавки (50,1%), по која следуваат: производи за инвестиции без транспортна опрема (13,8%), стоки за широка потрошувачка (10,3%), храна и пијалаци (9,8%), горива и мазива (9,6%) и транспортна опрема (6,4%).

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-3-2017
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Надворешнотрговската размена на Македонија со Европската унија (ЕУ 28) во К-3-2017 е зголемена за 14,4% во однос на К-3-2016, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 71,1% и е зголемено за 1,4 п.п. споредено со истиот квартал во 2016 година. Притоа, во К-3-2017 извозот на стоки учествува со 80,8%, а увозот на стоки со 63,8%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во К-3-2017 на **текoвната сметка** на билансот на плаќања е регистриран суфицит од 174,9 милиони евра, што претставува 6,7% од кварталниот БДП, наспроти суфицитот од 4,3% од БДП забележан во истиот квартал 2016 година.

Графикон 5.3. Салдо на тековна сметка; Извор: НБРМ




Анализирано на годишна основа, суфицитот на тековната сметка во К-3-2017 е зголемен за 66,9 милиони евра, што се должи на зголемувањето на позитивното салдо на сметката на секундарен доход за 4,7% и сметката на услуги за 38,8%, како и на стеснетиот дефицит на сметката на стоки за 0,6%. Спротивно влијание имаше продлабочувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 10,1%.

Во К-3-2017, во услови на поголем раст на извозот од увозот на стоки, **трговскиот дефицит** на годишно ниво бележи подобрување за 2,6 милиони евра, односно изнесува 15,9% од кварталниот БДП, и е стеснет за 0,6 п.п. споредено со дефицитот остварен во истиот квартал 2016 година.

Графикон 5.4. Тековна сметка на платниот биланс (салдо);
Извор: НБРМ




Суфицитот на **сметката на услуги** во К-3-2017 изнесува 182,9 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2016 година е зголемен за 51,1 милион евра.

**Трговската отвореност** на Македонија во К-3-2017 изнесува 121,0% од кварталниот БДП и во однос на К-3-2016 е зголемена за 3,2 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-3-2017 забележа дефицит од 105,1 милион евра и истиот е проширен за 9,6 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-3-2017 изнесува 509,2 милиона евра и на годишно ниво е зголемен за 22,8 милиони евра. Растот најмногу се должи на официјалните трансфери, кои се зголемени за 15,2 милиона евра, а кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 4,5%. Приватните трансфери се повисоки за 7,6 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 95,5%.

Салдото на **капиталната сметка** во К-3-2017 изнесува 0,04 милиони евра и во однос на истиот квартал од минатата година е намалено за 5,2 милиона евра, што во целост се должи на намалениот прилив на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-3-2017 се негативни и изнесуваат 57,8 милиони евра, што произлегува главно од должничките инструменти, преку кои на нето основа има одлив

Графикон 5.5. Странски директни инвестиции во земјата;
Извор: НБРМ и пресметки на МФ



од 67,0 милиони евра, а во помал дел (5,3 милиони евра) е резултат на одливот по основ на сопственички капитал, додека по основ на реинвестирање на добивката е регистриран прилив од 14,4 милиони евра.

**Портфолио инвестициите** во К-3-2017 изнесуваат 39,6 милиони евра, наспроти негативната вредност од 432,4 милиони евра во истиот квартал од 2016 година.

**Останатите инвестиции** во К-3-2017 изнесуваат 180,0 милиони евра, во чии рамки, валутите и депозитите изнесуваат 158,2 милиона евра, заемите 43,6 милиони евра, додека сметката на трговските кредити и аванси бележи негативно салдо од 21,8 милиони евра.

**Девизните резерви** на крајот на третиот квартал од 2017 година изнесуваат 2,3 милијарди евра и во однос на К-3-2016 се намалени за 15,8%. Девизните резерви на крајот на К-3-2017 обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период од 4 месеци.